Врз основа на член 67 од Статутот на Општина Бутел ("Службен гласник на Општина Бутел" бр. 3/14и 12/14), а во согласност со Проектот за работно ангажирање на невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на општина Бутел бр. 09-175 од 25.01.2019 година, Градоначалникот и Одделението за комунална хигена на Општина Бутел, објавува

Јавен повик
за работно ангажирање на невработени лица преку организирање на јавни работи
на територија на Општина Бутел

1.ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

- Предмет на јавниот повик е работно ангажирање на 50 невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на општина Бутел во согласност со Проектот за работно ангажирање на невработени лица преку организирање јавни работи на територијата на општина Бутел бр.09-175 од 25.01.2019 година.
- Средствата се планирани во Буџетот на Општина Бутел за 2019 година, во програма Ј4 – Јавна чистота.
- Проектот е во времетраење од 6 (шест) месеци.

2.ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Лицата заинтересирани за извршување на јавни работи на територија на Општина Бутел треба да ги исполнат следните критериуми:

- Да се долгорочно евидентирани како невработени и социјално загрозени лица во Агенција за вработување, со средно и понизок степен на образование, кои се ниско квалификувани и повозрасни лица (над 55 години).

3.НАЧИН И РОК НА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА

Доколку ги исполнуваат критериумите од точка 2 на овој Јавен повик заинтересираните лица до Одделението за комунална хигена, преку архивата на Општина Бутел, треба да ги достават следните документи:

- Барање за работно ангажирање за извршување на јавни работи на територија на Општина Бутел;
- Потврда од Агенцијата за вработување дека е невработено лице.

**Јавниот повик за избор трае од 31.01.2019 до 04.02.2019 година,** по кој период избраните кандидати ќе бидат писмено известени.

Број 09-175/2
Скопје, 31.01.2019

Одделение за комунална хигена
Зоран Павлески с.р.